ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА
# КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јануари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 20. 01. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojce | Вредност Vlerë |
| 08 | 357/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за комуналните дејности, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ

Бојан Стојаноски

Љупчо Пренџов

Драган Ковачки

Ели Панова

Бране Петрушевски

Драгана Бојковска

Тони Јаревски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за комуналните дејности во членот 30-а став (1) е уредено дека со Државниот комунален инспекторат раководи директор. Според ставот (2) за директор на Државниот комунален инспекторат може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за инспекциски надзор. Меѓутоа не се наведени таксативно условите кои треба да ги исполни директорот односно истите треба да се усогласат согласно Законот за инспекцискиот надзор.

Оттука се предлага одредба за исполнување на условите за директор на Државниот комунален инспекторат кои се во согласност со постојниот Закон за инспекциски надзор.

Воедно се врши и допрецизирање на одредбите од Законот за комуналните дејности во однос на вработените, опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Државниот комунален инспекторат да преминат во Министерството за транспорт, со оглед дека согласно Закоонот за изменување на Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25) е избришан статусот на правно лице на Инспекторатот согласно последните измени на Законот за инспекциски надзор објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ на 27 декември 2024 година, при што истиот и понатаму останува орган во состав на Министерството за транспорт. Во оваа насока е неопходно да се изврши предложената измена на Законот за комуналните дејности од причина што вработените во Државниот комунален инспекторат треба да се преземат спогодбено во Министерството за транспорт, а со тоа и своите права и обврски како вработени да ги остваруваат преку Министерството, а не Инспекторатот, кој го изгуби својството на правно лице, при што укажуваме дека на вработените не им е пресметана односно исплатена декемвриската плата, а во меѓувреме се појавува и потребата од пресметка за платата за месец јануари.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложениот закон е предлагање на одредби за именување на директорот на Државниот комунален инспекторат, односно во кои ситуации истиот

би можел да се именува, со цел поголема транспарентност на процесот, како и усогласување на одредбите со Законот за инспекциски надзор.

Воедно се има за цел остварување на правата и обврските на вработените во Државниот комунален инспекторат, односно во најбрз можен рок исплата на декемвриската плата, како и правилно функционирање на Државниот комунален инспекторат како орган во состав на Министерството за транспорт кој согласно последните измени на Законот го изгуби својството на правно лице, па оттука сите права и обврски треба да преминат во Министерството за транспорт.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот за изменување на Законот за комуналните дејности не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, со оглед дека средствата се веќе предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во разделот на Министерството за транспорт.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од државниот Буџет, со оглед дека истите се веќе обезбедни во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во разделот на Министерството за транспорт.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Член 1

Во Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 255/24 и 3/25) членот 30-а се менува и гласи:

„(1) Со Државниот комунален инспекторат раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(2) За именување на директор се објавува јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна затвор или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Правен или Економски факултет;

4) има најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, во соодветната област;

5) поседува уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга и

6) поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.“

Член 2

Вработените, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Државниот комунален инспекторат се преземаат во Министерството за транспорт, најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Директорот на Државниот комунален инспекторат именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

# НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за изменување на Законот за комуналните дејности содржи четири члена.

Со членот 1 се уредува во кои ситуации може да се именува директорот на Државниот комунален инспекторат.

Членот 2 претставува преодна одредба со кој се предвидува преземањето на вработените, опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Државниот комунален инспекторат во Министерството за транспорт, како и рок за спроведување на истото, имајќи во предвид дека Државниот инспекторат продолжува да работи како орган во состав на Министерството, без својство на правно лице.

Членот 3 претставува преодна одредба со која се уредува дека постојниот директор на Државниот комунален инспекторат продолжува да ја врши функцијата до истек на мандатот за кој бил именуван.

Со членот 4 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН

Предложените измени ќе овозможат целосно правно регулирање на статусот на вработените во Државниот комунален инспекторат, како и преземање на документацијата и средствата за работа, односно побарувањата и намирувањата на обврските од страна на Министерството за транспорт.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ШТО СЕ МЕНУВААТ

### Член 30-а

(1) Со Државниот комунален инспекторат раководи директор.

(2) За директор на Државниот комунален инспекторат може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за инспекциски надзор.